РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-543
10.03. 2015 година
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1768/1 од 09.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската да емитува најмалку половина од законски утврдениот минимум (од 40%) изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, во периодот од 07.00 до 19.00 часот, од страна на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 10.03.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), на начин што на телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, на 17 февруари 2015 година, во периодот од 07.00 до 19.00 часот, не е емитувана најмалку половина од законски утврдениот минимум (од 40%) изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик.
Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1768/1 од 09.03.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 9 март 2015 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 17 февруари 2015 година, и било констатирано прекршување на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се обврзуваат најмалку половина од процентот од обврските од став 1 од член 92, да го остварат од 07:00 до 19:00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 17 февруари 2015 година, ТВ Канал 5 Плус емитуваше 9 часа 43 минути и 48 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, што е 44.62% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 48 минути и 31 секунда). 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:48:31), е 8 часа 43 минути и 24 секунди. Половина од овој законски минимум е 4 часа 21 минута и 42 секунди изворно создадена програма во Репувлика Македонија на македонски јазик, колку што требало да биде емитувана на програмата на ТВ Канал 5 Плус, во периодот од 07.00 до 19.00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, ТВ Канал 5 Плус емитувала 3 часа 51 минута и 46 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, што е за 29 минути и 56 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1768/1 од 09.03.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1768/1 од 09.03.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1768/1 од 09.03.2015 година.

Доставено до:

- Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.